РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 0201-605/7
19.02.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 07.02.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Ивона Муфишева, м-р Арбен Саити, м-р Арѓенд Целили, м-р Александар Цуваревиќ, Христијан Трајчевски, м-р Сања Ајевска, м-р Сања Филиповска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски најави дека г-дин Фиданоски се наоѓа во просториите на Агенцијата но има технички проблем со видео конекцијата. Од таа причина на седницата ќе биде вклучен само преку аудио врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, (гласањето на г-дин Фиданоски беше преку аудио врска), го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 3-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.01.2024 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.01.2024 година.
3. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 29.01.2024 година.

4. Разгледување на Кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 октомври до 31 декември 2023 година.
5. Предлог за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата на РА Балкан ФМ од Гостивар.
6. Предлог-одлука за усвојување на Конечниот извештај и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Авионски билети.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Ревизорски услуги.
9. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Финансиско осигурителни услуги.
10. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно (гласањето на г-дин Фиданоски беше преку аудио врска), го усвои предложениот Записник од 3-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.01.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно (гласањето на г-дин Фиданоски беше преку аудио врска), го усвои предложениот Записник од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.01.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно (гласањето на г-дин Фиданоски беше преку аудио врска), го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 29.01.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски во врска со Кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 октомври до 31 декември 2023 година, објасни дека Советот ги разгледува, но не гласа за нивно усвојување.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата на РА Балкан ФМ од Гостивар. Објасни дека за овој радиодифузер се покрена постапка за одземање на дозволата затоа што не ги исполнуваше минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Во меѓувреме радиото ја достави потребната документација од која може да се констатира дека ја отстранил законската недоследност и од таа причина се предлага до Советот да се запре постапката.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Фиданоски беше преку аудио врска), донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, Уп1 бр.08-437 од 15.08.2016 година.

Согласно Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор бр.0304-577/1 од 01.02.2024 година, ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Претседателот на комисијата за попис Христијан Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за усвојување на Конечниот извештај и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година. Објасни дека пописот помина во најдобар ред, беа попишани сите предмети, опрема, потрошниот материјал, ситниот инвентар, побарувањата и обврските, основните средства, материјалните и резервните делови во магацинот и паричните средства на Агенцијата. Наведе дека во доставениот Конечен извештај за извршениот попис, Комисијата даде заклучоци и предлози за кои смета дека ќе придонесат за подобрување и олеснување на пописот во иднина.

Г-дин Трајчев побара Комисијата да даде подетални информации за тоа што е се попишано, кои се разликите во споредба со претходниот попис, и објаснување во врска со барањето за отпис на основни средства односно кои се причините за тоа и што понатаму со нив.

Г-дин Петрушевски рече дека веројатно не е истиот состав на пописната комисија од минатата година и не е сигурен дали може дадат таква споредба.

Претседателот на комисијата Христијан Трајчевски одговори дека претходно учествувал во 2-3 пописни комисии во својство на член. Објасни дека сè уште има одредени работи кои се утврдени од страна на комисијата и се провлекуваат неколку години наназад, како на пример попрецизна евиденција на новите ИТ средства. Предложи потреба од редовно ажурирање и внос на листите со инвентарни броеви како и други пропишани ознаки при самиот прием на нов мебел и опрема. Забележале исто така дека недостасуваат инвентарни броеви на одредени компјутери, недостаток

кој се провлекува неколку години наназад. Во извештајот Комисијата предложила отпишаните средства кои се наоѓаат во просториите на Агенцијата да се отстранат или да бидат јасно евидентирани дека повеќе нема да се вклучат во рамките на пописот. Според него рече дека е потребно назначување на лице одговорно за евиденција и водење на основни средства и опрема во текот на целата календарска година, особено соодветна, навремена евиденција на новите средства, нивно соодветно означување и ставање во листата на основни средства и понатамошна оперативност. Работа која не бара интензивна посветеност, но потребен е постојан процес на следење и педантна евиденција, и истата може да биде дел од работна одговорност, задача на еден вработен. Во врска со преносот на податоци од далечинските локации наведе дека опремата за далечинските локации одлучиле како и минатата година да не присуствуваат директно таму за попис, затоа што системот функционира, снима и вработените од ИТ секторот само ја потврдиле фактичката состојба, со цел да се добие на време и да се заштедат непотребни трошоци. Она што е понудено за отпис се повеќето таблети, кои се нефункционални со оштетени батерии, и ИТ секторот ги предложил за отпис а Комисијата ги даде како предлог во листата. Генерално немаат други забелешки.

Г-дин Трајчев рече дека има одредени дилеми со одговорот во однос на отписот на некои средства дека треба да бидат отстранети. Објасни дека тоа што е сопствен имот на АВМУ, независно дали нешто е отпишано или не е, тоа е имот кој што има своја вредност. Отпишувањето е веројатно сметководствено, и побара подетално објаснување од службата и од директорот, бидејќи тие се сопственост на Агенцијата и не може туку така да бидат отстранети, и сите предмети независно од нивната сметководствена вредност се имот на Агенцијата и имаат сопствена вредност. Доколку постојат предмети кои се сопственост на Агенцијата, а не се попишани тоа значи дека всушност не постојат. Дилемата посебно му била, ако се отпишат одреден број на таблети, што потоа ќе се прави со нив, дали може да се донираат некаде согласно одредени процедури или да се стават на продажба?

Г-дин Трајчевски објасни дека сите тие средства што ќе се отпишат ќе останат во Агенцијата, не може да се направи лицитација бидејќи по Закон за движни и недвижни ствари Владата одлучува, треба да се потпише договор и да се побара согласност од Владата. Иста е процедурата и со донацијата, и тука треба да се побара согласност од Министерство за правда. Што се однесува до стварите кои се отпишани, објасни дека тие се наоѓаат во просториите на Агенцијата и претставуваат товар. Станува збор за предмети кои не можат да бидат употребени, како на пример голема залиха на автомобилски искористени гуми кои стојат повеќе од 20 години и други предмети кои преставуваат физички проблем за чување, заземаат простор, но не се отуѓуваат и стојат во подрумските простории на Агенцијата.

Претседателот на комисијата Христијан Трајчевски рече дека станува збор за ствари кои се наоѓаат во магацинот на ИТ секторот на -2 подрумскиот простор, каде има тотално неупотребливи стари мобилни телефони, компјутери кој од секој аспект изгубиле од својата вредност, потоа автомобилските неупотребливи гуми и пожелно е да се добие функционален простор наместо да се чуваат. Во предлогот од Комисијата беше она што е отпишано и не е функцинално, а сè уште се наоѓа во просториите на Агенцијата, да биде отстрането од објектот, согласно позитивните законски одредби или предметите да бидат видно означени со соодветни, по можност црвени етикети со старите инвентарни броеви, дека истите не се повеќе предмет на тековен попис.

Г-дин Трајчев рече дека забуната кај него настана од зборовите „да се отстранат“, затоа што ако нешто не се користи не значи дека треба се отстрани и да се фрли, туку може да се чува на соодветно место или да се најде начин согласно Законските одредби, дали ќе се донира или слично. Тие сепак претставуваат имот на АВМУ.

Г-дин Петрушевски го праша г-дин Трајчев дали предлага некаква измена?

Г-дин Трајчев рече дека не може да предложи никаква измена, затоа што тоа што е дадено од Комисијата е фактичка состојба. Во однос на тоа што Советот ќе гласа дека се отпишува, од директорот добил образложение дека тоа е имот што нема своја сметководствена вредност, но понатаму тоа останува во сопственост на Агенцијата и согласно Законот има можности кои можеби понатаму ќе ги употреби. Не може да се направат измени во содржината на пописот, треба да се верува на она што Комисијата го направила, врз кое Советот ќе носи Одлука. Можеби рече раководителот на финансии треба да даде подетално образложение за тоа што значи отпишување.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Фиданоски беше преку аудио врска), даде одобрение директорот на Агенцијата, да ја донесе Одлуката за усвојување на Конечниот извештај за извршениот попис (на предметите, опремата, потрошниот материјал, ситниот инвентар и побарувањата и обврските, основните средства, материјалните и резервните делови во магацинот и паричните средства на Агенцијата) и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата, за 2023 година, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и за отпис на основните средства, со текот како што беше предложена одлуката.

Со одлуката се усвојуваат Конечниот извештај за извршениот попис (на предметите, опремата, потрошниот материјал, ситниот инвентар и побарувањата и обврските, основните средства, материјалните и резервните делови во магацинот и паричните средства на Агенцијата) и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата, за 2023 година се доставуваат во прилог на Конечниот извештај, и тоа:

- Пописна листа за утврдената состојба на денарски средства и девизни средства, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.1;
- Пописна листа за залиха на материјалите во магацин – ситен инвентар, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.2;
- Пописна листа на основни средства (опрема и инвентар), која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.3, со Посебна Пописна листа за основни средства кои не се наоѓаат во Скопје и со Пописна листа за утврдената состојба на постоење средства на друг субјект (туѓи средства);
- Пописна листа со предлог за отпис/расход на инвентар и опрема, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.4;
- Пописна листа на побарувањата и обврските, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.5 и
- Пописна листа за ситен инвентар, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.6.

Да се изврши отпис на основните средства, содржани во Пописната листа за отпис/расход на инвентар и опрема која е приложена кон Конечниот извештај (како Прилог бр. 4), наведена во точка 1 алинеја 4 на Одлуката.

Отпишаните средства да паднат на товар на капиталот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точки 7, 8 и 9**

Г-дин Трајчевски предложи до Советот, раководителот на одделението за јавни набавки м-р Александар Џуваревиќ да даде еден вовед за трите точки бидејќи станува збор за стандардни набавки кои се спроведуваат секоја година а гласањето да биде поединечно за секоја од нив.

Советот немаше против.

Раководителот на одделението за јавни набавки м-р Александар Џуваревиќ во врска со Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Авионски билети, објасни дека специфично е тоа што е поедноставена отворена постапка, ќе биде објавено во електронскиот систем за јавни набавки и во Службен весник на РСМ. Во врска со Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Ревизорски услуги, објасни дека оваа обврска произлегува од Собранието на РСМ бидејќи треба до него да се достави Ревизорски извештај од овластено ревизорско друштво кое ќе биде избрано при спроведувањето на јавната набавка. Во врска со Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Финансиско осигурителни услуги, објасни дека Агенцијата располага со одреден број на движни ствари и недвижни ствари и истите тие потребно е да се осигурат.

*<u>Гласање по Точка 7</u>*

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Фиданоски беше преку аудио врска), даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Авионски билети.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Авионски билети, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

*<u>Гласање по Точка 8</u>*

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Фиданоски беше преку аудио врска), даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Ревизорски услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Ревизорски услуги, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

*<u>Гласање по Точка 9</u>*

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Фиданоски беше преку аудио врска), даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Финансиско-осигурителни услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Финансиско-осигурителни услуги, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 10**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**